# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 17 | Четврток, 13.06.2019 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица** Стр.

**292.** **Одлука** за превоз на учениците од основното и средното образование опфатени во училиштата од подрачјето на Општина Струмица …… 1

**293.** **Одлука** за коорганизација на меѓународен спортски натпревар во ракомет …………………………………….. 3

**Рег. бр.** Стр

**294.** **Одлука** за доделување парична помош на Диљара Сулејманов од Струмица ……….. 4

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18 и 16/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за превоз на учениците од основното и средното образование опфатени во училиштата од подрачјето на Општина Струмица

Се објавува Одлуката за превоз на учениците од основното и средното образование опфатени во училиштата од подрачјето на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 13.06.2019 година.

Бр.09-4538/2 Општина Струмица
13.06.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

............................

**292.**

Врз основа на член 22 –б, член 27 б, и член 43 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр. 68/2004 ... 163/18), како и член 2 и 3 од Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 10/07, 15/15 и 5/19), Спогодбата и Анексот кон Спогодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршување на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово; Василево и Ново Село, број 09-1908/1 од 11.03.2019 година („Службен гласник на општина Струмица" бр. 15/18 и 4/19), а во врска со член 61 од Законот за основното образование „Службен весник на РМ" бр.103/08 ... 64/18) и член 41-а од Законот за средното образование („Службен весник на РМ" бр. 44/1995 ... 64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19), Советот на општина Струмица, на

седницата одржана на 13.06.2019 година, донесе:

**О д л у к а**
**за превоз на учениците од основното и средното образование опфатени во училиштата од подрачјето на Општина Струмица**

Член 1

Превозот на учениците од основното и средното образование до училиштата во Општина Струмица и обратно е бесплатен за учениците, ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од училиштето, освен за учениците кои се сместени во ученички дом, а се организира согласно законите за основно и средно образование и согласно Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/04 ......... 163/18).

Член 2

Надоместокот за превоз на ученици, се реализира согласно извршената услуга од блок-дотациите за образование преку Буџетот на општина Струмица.

Член 3

Превозот на учениците на подрачјето на Општина Струмица се организира согласно Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 10/07, 15/15 и 5/19), со носителите кои имаат лиценца за општински линиски превоз на патници и со носителите на дозвола за меѓуопштински линиски превоз на патници.

Член 4

Согласно член 2 од Одлуката за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 10/07, 15/15 и 5/19), за превоз на учениците по утврдената единствена мрежа на линии по ученик на ден во еден правец, се определуваат следните цени:

- до 5 километри ................... 30 ден;
- до 10 километри ................. 50 ден;
- до 15 километри.................. 70 ден;
- до 20 километри …. ........... 90 ден; и
- до 25 километри............... 110 ден.

Член 5

Превозот на учениците од другите општини до училиштата на подрачјето на Општина Струмица и обратно се врши во рамките на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници од страна на носителите на дозвола за меѓуопштински линиски превоз по цени утврдени согласно Анексот кон Спогодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршување на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово; Василево и Ново Село, број 09-1908/1 од 11.03.2019 година, а за другите релации по цени утврдени од превозниците кои не можат да бидат повисоки од цените за останатите патници.

Член 6

Превозот на учениците до училиштата и обратно во рамките на општинскиот и меѓуопштинскиот линиски превоз на патници може да се организира и како посебен линиски превоз на патници (ученици), за сите или за одделно определени релации, согласно член 43 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/04 …... 163/18).

За посебниот линиски превоз на патници (ученици), нарачателот на превозот и превозникот склучуваат писмен договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

Член 7

Доколку на одредени релации има патници/ученици со посебни потреби тие треба да се евидентираат, заради евентуанта потреба од бесплатен превоз на нивни придружници.

Член 8

Превозниците кои ќе вршат превоз на релации на кои има поголем број на патници/ученици треба да имаат соодветен број на превозни средства.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“

Бр.08-4538/1 Совет на општина Струмица
13.06.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
…………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за коорганизација на меѓународен спортски натпревар во ракомет

Се објавува Одлуката за коорганизација на меѓународен спортски натпревар во ракомет, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 13.06.2019 година.

Бр.09-4539/2 Општина Струмица
13.06.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

..............................

**293.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.06.2019 година, донесе

**О д л у к а**
**за коорганизација на меѓународен спортски натпревар во ракомет**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Струмица се обврзува да учествува како коорганизатор на меѓународниот квалификациски натпревар во ракомет во организација на Ракометната федерација на Македонија, кој ќе се одржи на 16 јуни 2019 година во Струмица.

Член 2

Меѓународниот квалификациски натпревар е помеѓу машките сениорски национални селекции во ракомет на Република Северна Македонија и Република Грција во рамките на квалификационит циклус за обезбедување пласман на предстојното ЕХФ европско првенство 2020 година.

Член 3

Како коорганизатор Општина Струмица се обврзува да обезбеди:

- Спортска сала за одржување на натпреварот; и
- Друга логистичка подршка за организација и реализација на натпреварот.

Член 4

За спортската сала и другата логистичка подршка околу организацијата на натпреварот, Општина Струмица обезбедува нето износ од 300.000 денари од Буџетот на општина Струмица за 2019 година - Програмата Л0 спорт.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на општина Струмица, да склучи посебни договори со Ракоментата федерација на Македонија и концесионерот на спортската сала „Парк“ во кои детално ќе бидат прецизирани обврските на организаторот, коорганизаторот и концесионерот околу организацијата натпреварот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4539/1 Совет на општина Струмица
13.06.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување парична помош на Диљара Сулејманов од Струмица

Се објавува Одлуката за доделување парична помош на Диљара Сулејманов од Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 13.06.2019 година.

Бр.09-4540/2 Општина Струмица
13.06.2019 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

..........................................

**294.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 13.06.2019 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Диљара Сулејманов од Струмица**

Член 1

На Диљара Сулејманов од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 70.000,оо денари, како помош за реализација на лекарски интервенции во странство.

Член 2

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2019 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-4540/1 Совет на општина Струмица
13.06.2019 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.